Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здружеија и фондации (“ Службен весник на РМ бр.52/10, 135/11“) и член 67 од Статутот на Општина Бутел (“ Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/14 и 11/14) Градоначалникот и Одделението за јавни дејности на Општина Бутел,објавуваат

# Јавен повик

за искажување на интерес и прибирање на барања за организирање на

**“ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ЉУБАНЦИ- 2022 година “**

1.Распределба на средствата наменети за организација на Меморијалниот Турнир во мал фудбал Љубанци -2022 година,се планирани од Буџетот на Општина Бутел за 2022 година, во програмата К4 – Културни манифестации и творештво ,ставка 463120 – трансфери до спортски здруженија.

2.За организација на” Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци-2022 година”,од точка 1 вкупно се предвидени 350.000 денари.

3.” Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци-2022 година”,ќе се одржи со почеток од 14 август 2022 година,во село Љубанци-Бутел Скопје.

4. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на Меморијален турнир во мал фудбал Љубанци-2022 година,треба да ги исполнат следните критериуми:

- Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации
- Да извршуваат активности од областа на спортот,едукацијата и толеранцијата меѓу младите

5.Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 4, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Бутел,треба да ги достават следните документи:

- Барање за доделување на средства за организација на ” Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци-2022 година”
- Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и фондации
- Предлог програма која ќе вклучува деловни активности со предвидените финансиски средства.

6.Здружението на граѓани се обврзува по завршувањето на ” Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци-2022 година”,за доделените средства да изготви деловен и финансиски извештај и да го достави до Одделението за јавни дејности.

7.Јавниот повик за избор трае од 09.08.2022 до 11.08.2022 година ,по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното здружение.

Број 17-1408

Скопје,09.08.2022г.

Комисија за прибирање на барања

” Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци 2022 година”